Уп. Бр.08-125/2023

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од Едуард Кеттнер ГмбХ, со адреса на Каплан Аллее бр.5, 7025 Поттелсдорф, Австрија, преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 06.09.2023 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која Едуард Кеттнер ГмбХ, со адреса на Каплан Аллее бр.5, 7025 Поттелсдорф, Австрија, ќе стекне контрола врз друштвото Фровис ГмбХ, со адреса на Студа 12, 6800 Фелдкирх, Австрија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**
Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата на ден 18.08.2023 година, а дополнето на 21.08.2023 година е доставено известување за концентрација од Едуард Кеттнер ГмбХ, со адреса на Каплан Аллее бр.5, 7025 Поттелсдорф, Австрија, со која Едуард Кеттнер ГмбХ ќе стекне контрола врз друштвото Фровис ГмбХ, со адреса на Студа 12, 6800 Фелдкирх, Австрија, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**Едуард Кеттнер ГмбХ** е трговец на мало со опрема за лов, облека за надвор и невоено оружје. Работи на неколку локации во Австрија. Едуард Кеттнер ГмбХ нема претпријатија-ќерки, филијали, претставништва или активности во Северна Македонија и не оствари продажба на клиенти во Северна Македонија во 2022 година.

Едуард Кеттнер ГмбХ е дел од групацијата ШИХ (*SIH*), која има едно претпријатие-ќерка инкорпорирано во Северна Македонија, БАУМИТ д.о.о. Скопје, активно во снабдувањето со производи на БАУМИТ како суви малтери, фасадни системи, изолациони плочи и композитен систем за надворешна термоизолација.

**Фровис ГмбХ** е друштво специјализирано за спортско оружје. Фровис ГмбХ управува со локација во Форарлберг, австриска провинција. Произведува, поправа и сервисира ловечко и спортско оружје.

Фровис ГмбХ нема претпријатија-ќерки, филијали, претставништва или активности во Северна Македонија и не оствари продажба на клиенти во Северна Македонија во 2022 година.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. д-р Владимир Наумовски**